CIVICA MOBILITAS

Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

МАЗЗ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ИНФОРМАТОР 8 ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 8мо издание | Септември, 2021

## Претставници на МАЗЗ присутни на 88-от по ред Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад, Р. Србија

## МАЗЗ во посета на земјоделски задруги – членки на Задружниот сојуз на Војводина



## МАЗЗ дел од овогодинешниот фестивал на граѓански организации на Цивика Мобилитас програмата

## МАЗЗ дел од овогодинешниот Меѓународен саем ”Органска Трпеза” во Куманово

## Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Задружен сојуз на Јужна Србија

# Претставници на МАЗЗ присутни на 88-от по ред Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад, Р. Србија



Во периодот од 20-22 септември, дванаесетчлена делегација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше присутна на 88-от по ред Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад, Р. Србија. Иако традиционално овој саем се одржува во месец мај, оваа година поради состојбата со пандемијата КОВИД-19 беше поместен во септември. Земја партнер на овогодинешниот Новосадски саем беше Република Чешка.

Како резултат на посетата на саемот, Претседателката на МАЗЗ – г-ѓа Сузана Димитриевска и Претседателката на Задружниот сојуз на Војводина – г-ѓа Јелена Несторов Бизоњ потпишаа Меморандум за соработка во името на двете организации. Овој Меморандум е само потврда на волјата на двете страни за понатамошна соработка преку размена на искуства, вмрежување и реализација на заеднички проекти за понатамошен развој и промоција на задругарството во регионот.






# МАЗЗ во посета на земјоделски задруги – членки на Задружниот сојуз на Војводина







Во склоп на посетата на Меѓународниот саем за земјоделство во Нови Сад, Р. Србија, дванаесетчлена делегација на МАЗЗ на нејзино огромно задоволство имаше можност да посети две земјоделски задруги – членки на Задружниот Сојуз на Војводина. Имено, првата задруга ЗЗ ”Бешка” претставуваше задруга од постар тип со традиционално производство (житарици) а втората земјоделска задруга ЗЗ ”Вочар” беше од понов тип за производство на овошје. Меѓусебното запознавање на земјоделските задруги од регионот се неопходни чекори за воспоставување соработка на пазарот, што е крајна цел на задружната идеја и задругарството воопшто. МАЗЗ им благодари и на двете задруги за топлиот пречек и гостопримството и се надева дека во скоро време ќе има можност да биде домаќин на истите, презентирајќи го начинот на функционирање и делување на нашите задруги.

# МАЗЗ дел од овогодинешниот фестивал на граѓански организации на Цивика Мобилитас програмата




Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од четвртиот по ред „Ден на граѓанските организации“ што се одржа на 25-ти септември 2021 година, од 10 до 15 часот во Градскиот парк кај „Школка“, во Скопје. На официјалното отворање на настанот на присутните им се обрати нејзината екселенција Сибил Сутер Тејада, Амбасадорка на Швајцарија во Македонија.

Главната тема за годинашниот фестивал беше „30 години граѓански ангажман“. Со ова, Фестивалот на Цивика мобилитас се приклучи кон одбележувањето и прославата на 30 години независност на Македонија. По обраќањето на Амбасадорката, беше промовиран и потпишан Кодексот за граѓански организации. Повеќе од 90 организации на своите штандови ја презентираа својата работа, а посетителите имаа можност да се информираат за нивните залагања и постигнувања, како и активно да се вклучат во активностите предвидени за тој ден.






# МАЗЗ дел од овогодинешниот Меѓународен саем ”Органска Трпеза” во Куманово










Меѓународниот саем „Органска Трпеза“,на 25.09.2021 година, се организираше по трет пат, на отворено, пред Спортско рекреативниот комплекс во Куманово. Целта на манифестацијата беше организирање на настан за зачувување на традицијата на производство на храна, но и меѓусебно запознавање и размена на искуства и знаења на органските и другите производители на храна од руралните средини, како од државата така и од соседните држави.

На саемот беа изложени органски земјоделски производи, органски производи од животинско потекло, органски мед и производи од мед, органски и традиционални млечни производи, органска козметика, производи од алтернативна медицина и мелеми, производи од диворастечки растенија, органски ѓубрива и субстракти, органска кондиторија и барови, органски сокови, мармелади, џемови, органски зрнести производи, свежо и сушено овошје и зеленчук, органско кафе, органски оцет, вино, пиво и ракија, намази, топинзи и паштети, пекарски производи, традиционални македонски производи, садови. Беа презентирани и агенции, федерации, здруженија, владини и невладини организации, стопански комори, финансиски куќи, издавачки куќи, портали, асоцијации, нутриционисти и сертификатори кои на свој начин го помагаат и унапредуваат органското производство. Исто така имаше и изложувачи кои се производители или дистрибутери на опрема, машини, амбалажа за прозводство, преработка и пакување на органски производи.

.Саемот беше одлична основа да им се даде видливост како на производите, така и на производителите.

# Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Задружен сојуз на Јужна Србија




Македонската асоцијација на земјоделски задруги во склоп на овогодинешната манифестација Органска Трпеза во Куманово потпиша Меморандум за соработка со Задружниот сојуз на Јужна Србија. Овој Меморандум за соработка, ќе биде спроведен на начин што ќе обезбеди, поттикнување, развивање и обезбедување на сите облици на соработка помеѓу двете организации, како и зголемување на потенцијалите за промоција, поттикнување и развој на сите форми на соработка помеѓу земјоделските задруги, поддршка за реализација на заеднички проекти и заедничко планирање и организирање на настани за соработка меѓу двете земји.

Меморандумот за соработка во име на Претседателката на МАЗЗ, Г-ѓа Сузана Димитриевска беше потпишан од страна на Генералниот секретар на МАЗЗ, Г-дин Мартин Мицевски.



# Назив на грант:
# „Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072/273-567
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk

## Извршна канцеларија

**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**